# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

4 Март 2024
Скопје
Број 4, година XIX
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Март, 2024 година**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,,**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/1
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 точка 13 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02) и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), расправајќи по Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница, одржана на 28 февруари 2024 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,,**

1.Со овој Заклучок се усвојува Информацијата за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,,.

2. Заклучокот да се достави до Полициска станица од општа надлежност ,,Кисела Вода,, Скопје, односно до МВР на Република Македонија.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1850/3
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2024 година**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2024 година, донесена на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/2
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22, точка 7 и член 62, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/02), член 34, точка 8 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.01/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2024 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденче кои се со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода (минимум еден родител).

**Член 2**

На секое семејство со новороденче од 01-01-2024 год. до 31-12-2024 год. и семејство со прво посвоено дете, со живеалиште на подрачје на Општина Кисела Вода (минимум еден родител), ќе му биде доделена еднократна парична помош  во износ од 6.000,00 денари.

За посвоено дете ќе се смета и првото посвоено дете, како и кога ќе се посвојат повеќе деца одеднаш (близнаци, тројка и повеќе), при првото посвојување на возраст на детето/цата до една година доколку мајката нема прво новородено дете.

**Член 3**

Еднократната парична помош ќе се доделува врз основа на поднесено барање до Општина Кисела Вода од страна на семејството, со уредно приложена документација на увид која ќе го потврди раѓањето на новиот член во семејството и територијалната припадност (живеалиште) на подрачје на Општина Кисела Вода, а за посвоеното дете/ца и примерок од решението за посвојување.

Територијалната припадност (живеалиштето) на подрачје на Општина Кисела Вода, ќе се потврди со приложување на увид важечка лична карта или друга исправа за лична идентификација барем од еден родител, со исклучок на новороденче на самохран родител.

За самохран родител на дете се смета родител на:

-дете кое го издржува, ако другиот родител е починат,

-дете од разведен брак, ако родителот кај кого детето живее, не живее во брачна, односно вонбрачна заедница,

-дете на кое едниот родител е непознат и

-дете на кое едниот родител се води за исчезнат.

Својството на самохран родител се докажува на следниот начин:

-доколку едниот родител е починат, со препис на извод од матична книга на умрените;

-за разведен брак со правосилна судска пресуда,

-доказ дека родителот не е во брачна заедница со препис на извод од матична книга на родени не постар од шест месеци или дека родителот не е во вонбрачна заедница со изјава дека не е во вонбрачна заедница,
-доказ од надлежен суд дека едниот родител се води за исчезнат,
-а за родител кој се води за непознат препис на извод од матична книга на родените на детето.

Барателите, потребно е да приложат фотокопија од трансакциска сметка.

Доставената документација, по основ на поднесеното барање ќе се чуваат од страна на Општина Кисела Вода.

Рокот за поднесување на потребната документација е 90 дена од денот на раѓањето на новороденчето, а за посвоеното дете најдоцна до 90 дена од заведувањето на посвоеното дете во книгата на родените.

**Член 4**

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на Општина Кисела Вода за 2024 година, од подпрограмата Д10 – Месна самоуправа, потставка 464990 - Други трансфери.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-1850/4
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/3
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1, алинеја 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр.5/02), член 34, став 1, алинеја 21 и член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.1/2020), а во врска со член 32 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија„ бр.61/04, 96/04 и 67/07), расправајќи по Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1-квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; -К2 -квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3- квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините**

1. Со овој Заклучок се усвојуваат Кварталните извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1- квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините.

2. Заклучокот да се достави до Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за финансиски прашања.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-1850/6
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2023 година**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2023 година, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/4
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Извештај за реализација**
**на Програмата за Енергетска Ефикасност во**
**Општина Кисела Вода за 2023 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Извештајот за реализација на Програмата за енергетска ефикасност во Општина Кисела Вода за 2023 година.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1850/7
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Програма за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/5
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст („Службен гласник на Општина Кисела Вода„ бр.1/20) расправајќи по Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година.

2.Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 09-1850/8
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Акционен план за 2024 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Програмата за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/6
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Акциониот план за 2024 година за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Акционен план за 2024 година**
**за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода**

1. Со овој Заклучок се усвојува Акциониот план за 2024 година за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода.

2. Заклучокот да се достави до Секторот за локален економски развој и Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

3. Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1850/9
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија "бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Заклучок за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година**

1.Со ова Решение се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година, донесен на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/7
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02**),** член 112 од Статутот на Општина Кисела Вода пречистен текст (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/20) расправајќи по Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**З А К Л У Ч О К**

**за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година**

1.Со овој Заклучок се усвојува  Извештајот за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година.

2.Заклучокот да се достави до Секторот за финансиски прашања.

3.Овој Заклучок ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-1850/10
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**
**за објава на Одлука за прифаќање на донација - изведба на градежни – асфалтерски работи, со асфалтирање на ров од фекална канализација, на бул. Борис Трајковски бр.7 во нас.Градинар Општина Кисела Вода**

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за прифаќање на донација - изведба на градежни – асфалтерски работи, со асфалтирање на ров од фекална канализација, на бул. Борис Трајковски бр.7 во нас.Градинар Општина Кисела Вода донесена на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/8
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на Р.М. бр. 5/2002) и член 34 став 1 точка 41 од Статутот на Општина Кисела Вода - пречистен текст (Службен на Општина Кисела Вода бр.1/20), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за прифаќање на донација -**
**изведба на градежни – асфалтерски работи,**
**со асфалтирање на ров од фекална канализација,**
**на бул. Борис Трајковски бр.7 во нас.Градинар**
**Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата – изведба на градежни – асфалтерски работи, со асфалтирање на ров од фекална канализација, на Бул. Борис Трајковски бр.7 во нас.Градинар, Општина Кисела Вода, која се дава од МАКПЕТРОЛ АД Скопје, во вредност од 1.000.000,оо денари.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Општина Кисела Вода да го потпише договорот за донација со МАКПЕТРОЛ АД Скопје во насока на спроведување на оваа одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1850/11
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија “бр. 5/2002) и член 58, став 1, алинеја 3 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр.1/2020), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесува:

**РЕШЕНИЕ**

**за објава на Одлука за донесување на План за Парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје**“

1.Со ова Решение се објавува Одлуката за донесување на План за Парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје“, донесена на Триесет и шестата пленарна седница на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 28 февруари 2024 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кисела Вода„.

Број 08-2252/9
04.03.2024 година
Скопје

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Орце Ѓорѓиевски с.р.

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 63 од Законот за урбанистичко планирање (“Службен весник на РСМ” бр.32/20 и 111/23), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и шестата пленарна седница одржана на 28 февруари 2024 година, донесе:

**ОДЛУКА**
**за донесување на План за Парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје“**

**Член 1**

Со оваа одлука се донесува План за Парцелација од “Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје“.

Со “Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје“ се врши разработка на Деталниот урбанистички план за блок Ј 20.07, Градска четврт Ј 20, Реон Ј, Општина Кисела Вода - Скопје (Одлука бр.09-2838/18 од 11.04.2017 година, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.04/18).

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е Графичкиот прилог: План за Парцелација од “Урбанистичкиот проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-1850/12
28 февруари 2024 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Иван Живковски с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
УП.бр. 13-482 од 19.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со со член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 и член 86 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Северна Македонија, во текот на два последователни дена, поради неможност за уредна достава на известувања до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со на КП 2951/4, КП 2952/1, КП 2954/1, КП 2952/3, КП 2954/4, КП 2954/5 и КП 2952/13 (стари парцели), односно КП 2951/6, КП 2952/14, КП 2954/20, КП 2952/16, КП 2954/18, КП 2954/19 и КП 2952/13 (нови парцели) КО Кисела вода 1, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.02.2024 година со УП бр. 13-482 е издадено Одобрение за градба на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.6 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2951/4, КП 2952/1, КП 2954/1, КП 2952/3, КП 2954/4, КП 2954/5 и КП 2952/13 (стари парцели), односно КП 2951/6, КП 2952/14, КП 2954/20, КП 2952/16, КП 2954/18, КП 2954/19 и КП 2952/13 (нови парцели) КО Кисела вода 1, Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех.бр.454/1 од Ноември 2023 година, изработен од проектант Јордан Тасевски со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.2524 од 15.05.2020 година – Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги ЕЛЕНА ЛУКА ХОМЕ ДООЕЛ, Скопје, ЕМБС 7017162, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.1025/Б од 14.07.2022 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил,
Јелена Ј. Томовска, д.и.а.

Согласен,
*Секретар на Општина Кисела Вода*
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ ОД ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
УП. бр. 13-482 од 19.02.2024 год.
СКОПЈЕ

ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, поради неможност за уредна достава на известувања до непосредни соседи, за издавање на Одобрение за градење на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.6 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2951/4, КП 2952/1, КП 2954/1, КП 2952/3, КП 2954/4, КП 2954/5 и КП 2952/13 (стари парцели), односно КП 2951/6, КП 2952/14, КП 2954/20, КП 2952/16, КП 2954/18, КП 2954/19 и КП 2952/13 (нови парцели) КО Кисела вода 1, Скопје, ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со горенаведените катастарски парцели, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 19.02.2024 година со УП бр. 13-482 е издадено Одобрение за градење на објект со намена на градба: домување во станбена зграда – А2, објект од втора категорија, на ГП 13.2.6 од Детален урбанистички план Реон Ј Четврт Ј13, на КП 2951/4, КП 2952/1, КП 2954/1, КП 2952/3, КП 2954/4, КП 2954/5 и КП 2952/13 (стари парцели), односно КП 2951/6, КП 2952/14, КП 2954/20, КП 2952/16, КП 2954/18, КП 2954/19 и КП 2952/13 (нови парцели) КО Кисела вода 1, Скопје на инвеститорите Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги ЕЛЕНА ЛУКА ХОМЕ ДООЕЛ Скопје, Друштво за градежништво, трговија и услуги ПЕШЛИК В ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, Тодорчо Наков од Кочани, Николина Арсовска од Скопје, Иванка Дишевска од Скопје, Савица Дишовска-Столевска од Скопје, Ѓорѓе Медиќ од Крагуевац, Република Србија, Бранислав Медиќ од Скопје и Верица Димитриевска од Скопје и заверен е Основен проект – PDF и DWG документи, тех.бр.454/1 од Ноември 2023 година, изработен од проектант Јордан Тасевски со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.2524 од 15.05.2020 година – Друштво за градежништво, проектирање, трговија и услуги ЕЛЕНА ЛУКА ХОМЕ ДООЕЛ, Скопје, ЕМБС 7017162, со лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.1025/Б од 14.07.2022 година, издадено од Министерство за транспорт и врски.

Согласно член 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14,115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20, 96/21 и 227/22), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 6, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во вторник и четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА
СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

тел.: 02/2785-420
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.13-257 од 23.02.2024 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 8377 и КП 8414/1 КО Драчево 1 (согласно имотен лист) ,односно КП 8377 и КП 8414/13 КО Драчево 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), Скопје, дека на на ден 13.02.2024 година со УП бр. 13-257 е издадено Одобрение за градење на станбено-деловен објект, намена на градба: индивидуално домување на Г.П. 18.18 од ДУП: н. Драчево МЗ 71 – Западен дел А, објект од втора категорија, на КП 8377 и КП 8414/1 КО Драчево 1 (согласно имотен лист), односно КП 8377 и КП 8414/13 КО Драчево 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), Скопје на инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги УНА ОТИЦ 2015 ДОО – Скопје, со седиште на ул. Иван Хаџиниколов бр.115-А, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. П-04/23 од 03.2023 година, изработен од проектант Тина Велковска со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.2489 од 11.12.2019 година – Друштво за проектирање, градежно занаетчиски работи, трговија и услуги ДЕЛТА ИНВЕСТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.064/Б од 13.03.2022 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Љупка Алампиоска, д.и.а.

**Согласен:**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-257 од 23.02.2024 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 8377 и КП 8414/1 КО Драчево 1 (согласно имотен лист) ,односно КП 8377 и КП 8414/13 КО Драчево 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), Скопје, дека на на ден 13.02.2024 година со УП бр. 13-257 е издадено Одобрение за градење на станбено-деловен објект, намена на градба: индивидуално домување на Г.П. 18.18 од ДУП: н. Драчево МЗ 71 – Западен дел А, објект од втора категорија, на КП 8377 и КП 8414/1 КО Драчево 1 (согласно имотен лист), односно КП 8377 и КП 8414/13 КО Драчево 1 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци), Скопје на инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги УНА ОТИЦ 2015 ДОО – Скопје, со седиште на ул. Иван Хаџиниколов бр.115-А, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. П-04/23 од 03.2023 година, изработен од проектант Тина Велковска со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.2489 од 11.12.2019 година – Друштво за проектирање, градежно занаетчиски работи, трговија и услуги ДЕЛТА ИНВЕСТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.064/Б од 13.03.2022 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и 168/18), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

МКД СЕРТИФИКАТ МКС EN ISO 9001:2015

ул. Петар Дељан бр. 17 Скопје – Кисела Вода www.kiselavoda.gov.mk

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-541 од 01.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2116/21 КО Горно Лисиче, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 11.01.2024 година со УП.бр.13-541 е издадено Одобрение за градење, намена на градба: домување во станбена куќа – А1 согласно Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, објект од втора категорија, на КП 2116/21 КО Горно Лисиче, Скопје, на инвеститорот Драган Петков со адреса на живеење на бул. АСНОМ бр.2-24, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. 01-07/22 од јули 2022 година, изработен од проектант Драган Стојанов со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1109 од 01.06.2019 година – Друштво за проектирање, инженеринг и изведба АРХЕА ДООЕЛ Скопје, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.961/Б од 11.03.2021 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Љупка Алампиоска, д.и.а.

**Согласен:**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk

УП.бр.13-541 од 01.03.2024 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 2116/21 КО Горно Лисиче, Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 11.01.2024 година со УП.бр.13-541 е издадено Одобрение за градење, намена на градба: домување во станбена куќа – А1 согласно Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, објект од втора категорија, на КП 2116/21 КО Горно Лисиче, Скопје, на инвеститорот Драган Петков со адреса на живеење на бул. АСНОМ бр.2-24, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. 01-07/22 од јули 2022 година, изработен од проектант Драган Стојанов со Овластување Б за изработка на проектна документација од архитектура број 1.1109 од 01.06.2019 година – Друштво за проектирање, инженеринг и изведба АРХЕА ДООЕЛ Скопје, со Лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија со број П.961/Б од 11.03.2021 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и 168/18), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-8 од 26.02.2023 год.
СКОПЈЕ

Градоначалникот на Општина Кисела Вода, Скопје врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), а во врска со член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15 и бр.65/18) го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на јавна објава**

Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год.), да се изврши јавна објава во дневен печат кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија, во текот на два последователни дена, односно во службеното гласило на Општина Кисела Вода, до сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно имотен лист) односно на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци) Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 26.02.2024 година со УП.бр.13-8 е издадено Одобрение за надградба на објект, намена на градба: лесна и незагадувачка индустрија – Г2 согласно Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, објект од втора категорија, на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно имотен лист) односно на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци) Скопје, на инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги Фибернет М-К ДОО со седиште на ул. Борис Трајковски бр.117А, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. 126/22 од мај 2023 година, изработен од проектант Наташа Кузманоска со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0516 од 25.02.2019 година – Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЦОН И ЦОНИ ДОО Прилеп, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.213/А од 26.03.2018 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

1. Ова решение да го изврши Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за Одделение за изводи и одобренија за градење.
2. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

Изготвил:
Љупка Алампиоска, д.и.а.

**Согласен:**
Секретар на Општина Кисела Вода
М-р Мирко Ивановски

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИК
Гоце Станкоски, д.и.а.

МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
Општина Кисела Вода
**Сектор за урбанизам и просторно планирање**

тел.: 02/2785-400
contact@kiselavoda.gov.mk

**тел.: 02/2785-420**
**urbanizam-planiranje@kiselavoda.gov.mk**

УП.бр.13-8 од 26.02.2024 год.
СКОПЈЕ

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода Скопје, Сектор за урбанизам и просторно планирање, Одделение за изводи и одобренија за градење, Согласно член 84 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр. 124 од 2015 год. и бр. 65/18)., ги известува сите непосредни соседи - сопственици на катастарски парцели кои граничат со КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно имотен лист) односно на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци) Скопје, како и сите заинтересирани странки, дека на ден 26.02.2024 година со УП.бр.13-8 е издадено Одобрение за надградба на објект, намена на градба: лесна и незагадувачка индустрија – Г2 согласно Измена и дополнување на Општ акт за село Драчево, објект од втора категорија, на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно имотен лист) односно на КП 597/6 КО Драчево 2 (согласно геодетски елаборат за нумерички податоци) Скопје, на инвеститорот Друштво за производство, трговија и услуги Фибернет М-К ДОО со седиште на ул. Борис Трајковски бр.117А, Скопје и заверен е Основен проект со технички број тех.бр. 126/22 од мај 2023 година, изработен од проектант Наташа Кузманоска со Овластување А за изработка на проектна документација од архитектура број 1.0516 од 25.02.2019 година – Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг, производство и трговија увоз-извоз Никола и Илија ЦОН И ЦОНИ ДОО Прилеп, со Лиценца А за проектирање на градби од прва категорија со број П.213/А од 26.03.2018 година, издадена од страна на Министерство за транспорт и врски.

Согласно чл. 62-а точка 1 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, бр.124/10, бр.18/11, бр.36/11, бр.54/11, бр.13/12, бр.144/12, бр.25/13, бр.79/13, бр.137/13, бр.163/13, бр.27/14, бр.28/14, бр.42/14 бр.115/14, бр.149/14, бр.187/14, бр.44/15, бр.129/15, бр.217/15, бр.226/15, бр.30/16, бр.31/16, бр.39/16, бр.71/16, бр.132/16, бр.35/18, бр.64/18 и 168/18), заинтересираните странки можат да извршат увид во документацијата од управната постапка во барака 3, соба број 4, во Секторот за урбанизам и просторно планирање во Општина Кисела Вода - Скопје и тоа во четврток од 12-15 часот, во рок од 15 дена.

Доколку не се јават или не назначат полномошник ќе сметаме дека е извршена уредна достава и евентуалните негативни последици кои можат да настанат ги сносат самите странки.

ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА СКОПЈЕ

С О Д Р Ж И Н А:


1. Заклучок за усвојување на Информација за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Кисела Вода во 2023 година на Полициска станица од Општа надлежност ,,Кисела Вода,,;
2. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства со новороденчиња на подрачје на Општина Кисела Вода за 2024 година;
3. Заклучок за усвојување на Квартални извештаи К1, К2 и К3 за четвртиот квартал од 2023 година – К1 -квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Кисела Вода за  извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2023 година до 31.12.2023 година; - К2 - квартален извештај за достасани ненамирени обврски на Општина Кисела Вода, - К3 - квартален извештај за промените на состојбата за секое задолжување на општините и јавните претпријатија основани од општините;
4. Заклучок за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за енергетска ефикаснот во Општина Кисела Вода за 2023 година;
5. Заклучок за усвојување на Програма за Енергетска ефикасност на Општина Кисела Вода за период 2024 – 2026 година;
6. Заклучок за усвојување на Акционен план за 2024 година за Енергетска фикасност на Општина Кисела Вода;
7. Заклучок за усвојување на Извештај за извршениот попис на средствата и нивните извори со состојба на 31.12.2023 година;
8. Одлука за  прифаќање на донација - изведба на градежни – асфалтерски работи, со асфалтирање на ров од фекална канализација, на бул. Борис Трајковски бр.7 во нас.Градинар Општина Кисела Вода;
9. Одлука за донесување на План за Парцелација од "Урбанистички проект со план за парцелација за поделба на градежна парцела ГП 11.4 со намена А2 - домување во станбени згради, согласно ДУП Градска Четврт Ј20 Блок 07 Општина Кисела Вода - Скопје";
10. Јавна објава Уп.бр.13-482 од 19.02.2024 година;
11. Јавна објава Уп.бр.13-257 од 23.02.2024 година;
12. Јавна објава Уп.бр.13-541 од 01.03.2024 година;
13. Јавна објава Уп.бр.13-8 од 26.02.2023 година;